Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-564/3
29-10-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 564/1 од 19.08.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-564/1 од 19.08.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје **поради неуредност.**

### Образложение

[redacted] на 19.08.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација електронски достави претставка за заштита од дискриминација заведена под бр. 08-564/1.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржеше наведени факти и околности врз кои се темели претставката, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, на 30.08.2024 година, до подносителката направи обид за достава преку пошта на Барање бр. 08-564/2 од 29.08.2024 година за доуредување на претставката. Согласно информациите од поштенскиот оператор, наведената адреса за достава не е точна, односно означениот број не постои.

Од причини што претставката не е во можност да се достави на наведената адреса, а Комисијата согласно наведеното во претставката не располага со други податоци за контакт на подносителката, се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*

- *Архива на Комсијата*